МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**IV ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Лозаро-винарски техничар***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПРАКТИЧНА НАСТАВА

### 1.2. Образовен профил и струка

1.2.1. Образовен профил: лозаро-винарски техничар

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

### 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Практична обука

### 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Четврта

### 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 6 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 198 часа

### 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***практична настава*** ученикот стекнува знаење и вештини и се оспособува:

- да обработува лозови насади;
- да ракува со механизација за обработка на лозов насад;
- да применува методи за заштита на лози во лозов насад;
- да негува оштетени лози во лозов насад;
- да применува агротехнички мерки за лозарско органско производство;
- да применува технологија за производство на сортни вина;
- да учествува во производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци;
- да користи средства за заштита при работа;
- да развива работни навики и работна дисциплина.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на поставените цели по предметот ***практична настава*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: педологија од II година, земјоделска техника од II и III година, подигнување и одгледување на лозови насади, лозарство, винарство и производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци од III година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕЗ

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПОДИГНУВАЊЕ И ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ЛОЗОВ НАСАД** | **48** | ***Ученикот:***<br>- да обработува почва во лозов насад;<br>- да ракува со машините за обработка на почвата во лозов насад;<br>- да го следи биолошкиот циклус на развојот на виновата лоза;<br>- да загрлува и одгрлува лозов насад;<br>- да применува заштитни мерки на лозовиот насад;<br>- да бере и пакува грозје;<br>- да учествува при транспортот на грозјето;<br>- да ги следи и регулира условите за чување на грозјето. | - Информирање за условите на работа со механизација за обработка на почвата во лозовите насади;<br>- демонстрирање на работни операции при ракување со трактор;<br>- демонстрирање на работни операции за заштита на лозов насад;<br>- демонстирање берба и пакување на грозје;<br>- презентирање на условите за складирање и чување на грозјето. | - Подигнување и одгледување на лозов насад<br>- Лозарство |
| **2. ЛОЗАРСТВО** | **42** | - Да учествува при производство на лозов посадочен материјал;<br>- да избира лозови подлоги;<br>- да избира сорти од домашна лоза;<br>- да мулчира почва за подигање на лозов насад;<br>- да применува агротехнички мерки за лозарско органско | - Демонстрирање постапка за производство на лозов посадочен материјал;<br>- демонстрирање начини на примена на агротехнички мерки за органско лозарско производство;<br>- објаснување на начините за | - Лозарство<br>- Подигнување и одгледување на лозов насад |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | производство;<br>- да ја подготвува виновата лоза за мирување;<br>- да бере и пакува трпезно грозје;<br>- да го складира пакуваното трепезно грозје;<br>- да бере винско грозје;<br>- да учествува во организацијата на транспортот на винското грозје. | примена на мерки за мирување на лозов насад;<br>- давање инструкции за начин на берба, транспорт и чување на грозје. | |
| **3. ВИНАРСТВО** | **54** | - Да одржува хигиена на садовите во винарската визба;<br>- да прима грозје во винарската визба;<br>- да ја следи алкохолната ферментација;<br>- да ги запишува параметрите за шира и вино;<br>- да учествува во производството на вина и безалкохолни пијалаци;<br>- да учествува во приготвување на гроздовата каша за ферментација. | - Демонстрирање начин на одржување хигиена на садовите во винарската визба;<br>- објаснување на следењето на процесот за премин на шира во вино;<br>- демонстрирање како се дели вино од гроздова каша;<br>- објаснување постапки за производство на безалкохолни пијалаци. | - Винарство<br>- Лозарство |
| **4. ПРОИЗВОДСТВО НА АЛКОХОЛНИ И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ** | **54** | - Да ракува со апарати за дестилација;<br>- да учествува во производството на гликозен сируп;<br>- да ги користи уредите за производство на ракија;<br>- да применува мерки за отстранување на недостатоци на јаките алкохолни пијалаци;<br>- да учествува во производството на безалкохолни пијалаци; | - Демонстрирање работа со апарати за производство на алкохолни пијалаци;<br>- објаснување на постапките за производство на гликозен сируп;<br>- демонстрирање работа со уредите за производство на ракија;<br>- демонстрирање начин на користење на уреди за нега | - Винарство<br>- Лозарство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да врши типизација на освежителни безалкохолни пијалаци;<br>- да употребува средства за бистрење на пијалаци. | и обработка на алкохол;<br>- демонстрирање на мерки за отстранување на недостатоци на алкохолните пијалаци. | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Според зацртаните цели на задолжителната програма ***практична настава*** ќе се применуваат: дискусија, демонстрација, објаснување, инструирање, набљудување, работа во група, работа во парови, индивидуална работа, истражување и самооценување.

Активноста на ученикот: вежба предвидени работни операции, открива односи и законитости, анализира, дискутира, и презентира, истражува, критички размислува и одлучува, забележува, поставува прашања, создава врска, пишува, анализира, диференцира, детерминира, покажува, применува, коментира и притоа тимски соработува со групата, сам се оценува и сл.

Активностите на наставникот: планира, организира и реализира практична настава, објаснува, организира работа во групи, ги потикнува учениците на конгнитивно, психомоторно и афектно однесување, организира и реализира посета на: земјоделски стопанства, трговски друштва за лозарското производство и винарски визби.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по ***практична настава*** треба да се реализира преку изведување на практични операции, вежби, практични задачи во училишни економии, реални училишни компании, лозови насади и винарски визби. Со цел за поуспешно стекнување на знаење и умеење кои се однесуваат на психомоторната и психосоцијалната компоненета, при организацијата и реализацијата на наставата по овој предмет треба да се остварат одредени практични активности и во соодветните трговски друштва за лозарското производство и винарски визби. Карактерот на овој наставен предмет бара специфична организација на наставата, односно поделба на паралелката во групи, што овозможува квалитетна настава и следење на процесите на работата.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Предметот ***практична настава*** се остварува преку реализација на одделни важби, демонстрации, практични операции и работни задачи. Затоа, при реализација на наставниот процес потребно е користење на разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, машински елементи, трактор, макета, филм, телевизиски снимки, апарати, прибор, графоскоп, печатен материјал, прирачници, дневници, весници, странски списанија, контакти со стручни лица и разновидни материјали што се користат при преработка на грозјето во алкохол.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците по предметот ***практична настава*** треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите учесници во воспитно-образовниот процес. Се остварува преку најразновидни форми и постапки: усни проверки, проверки и оценување на практичните способности и стекнатите вештини на учениците при вршењето на вежбите и практичните задачи.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат најмалку со по две оценки во секое полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***практична настава*** треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставната програма ***практична настава*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

***-земјоделство***, лозаро-овоштарска или општа насока.

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат преку овој предмет, потребно е наставата да се реализира во училишни економии, реални училишни компании, енолошки лаборатории, земјоделски стопанства за производство, промет и преработка на грозје и во винарски визби.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

### 7.2. Состав на работната група

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Петар Христов, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Горан Керов, наставник во СОЗШУ„ЃорчеПетров” - Кавадарци
4. Иван Керов, АД „Гоце Делчев” - Кавадарци

## 7. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2008 година

## 8. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***практична настава*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4721/7*** од ***20.06. 2008*** година.